РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-1402/2
15.11. 2024 год.viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ

# ПОМЕЃУ

# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# И

# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА НА РЕПУБЛИКА КОСОВО

Тргнувајќи од постигнатото ниво на политичките односи и разбирање помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово,

Имајќи ја предвид улогата на енергетскиот сектор во економскиот развој на Република Северна Македонија и Република Косово,

Развивајќи основа за блиска соработката во областа на енергетскиот сектор, преку која ќе се поттикне натамошно унапредување на пријателските и економските односи меѓу двете земји,

Водени од географската положба, поволните услови за проширување на енергетската соработка и традиционалните односи,

Свесни за недостатокот на производни капацитети и нивна разновидност во Република Северна Македонија и Република Косово,

Препознавајќи ја потребата од рационално користење на природните ресурси и енергетскиот потенцијал на двете земји, како ефективен одговор на предизвиците од енергетската транзиција, енергетската криза и подобрувањето на енергетската сигурност,

Заради взаемна корист на државите од Југоисточна Европа, а нагласувајќи ја важноста и придобивките од билатерална соработка во областа на енергетскиот сектор, преку која ќе се подобри сигурноста во секторот и енергетските ресурси,

Страните се договорија за следново:

## Член 1

## Цел

1. Целта на овој Меморандум за разбирање на Страните да ја зајакнат и интезивираат нивната билатерална соработка во енергетискиот сектор согласно своите политики и стратегии;
2. Во согласност со нивната државна енергетска политика и краткорочните-среднорочните планови двете страни се согласни да вложат дополнителни напори за развој на билатерално стратешко партнерство во енергетскиот сектор со усвојување на следните мерки:
    - Дефинирање на иницијативи за соработка во следните области: секторот за електрична енергија, обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност, јаглен, безбедно снабдување со енергија како и, подготовка

на релеватни инфраструктурни и други проектни иницијативи во енергетскиот сектор.

- Соработка помеѓу јавните компании за споделување на експертиза за ефикасност на производството, стабилност на производството и практиките за одржување.
- Истражување на потенцијалот за размена на електрична енергија или електрична енергија со јаглен.
- Размена на информации за енергетските програми и проекти од заеднички интерес, вклучувајќи ги и оние од интерес на другите Страни.
- Дефинирање услови за понатамошо унапредување на енергетската соработка.

## Член 2

### Времетраење

1. Овој Меморандум за разбирање влегува во сила со денот на потпишувањето од двете страни и ќе се применува една календарска година.
2. Со влегувањето во сила на овој Меморандумот, престанува да важи Меморандумот за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово потпишан на 16 септември 2021 година.

## Член 3

### Измена и дополнување

Меморандумот може да се дополни и / или да се измени во секое време, со писмен договор помеѓу Страните во организација со соодветни дополнителни договори / протоколи, кои се составен дел на овој Меморандум. Договорните измени влегуваат восила во согласност со одредбата од членот 2 на овој Меморандум.

## Член 4

### Раскинување

Страните можат да го раскинат овој Меморандум со претходно писмено известување за негово раскинување во рок од 30 (триесет) дена.

## Член 5

### Решавање спорови

Сите меѓусебни спорови, кои се резултат на овој Меморандум и кои произлегуваат од овој Меморандум во текот на преговорите Страните ќе се обидат да ги разрешуват во духот на добра волја. Разликите кои произлегуваат во однос на толкувањето, ефектот или извршувањето на овој Меморандум за разбирање, ќе се решаваат со консултации помеѓу Страните.

**Член 6**

**Влегување во сила**

Овој Меморандум за разбирање нема правно обврзувачки ефект за инволвираните Страни. Ниту една одредба од овој Меморандум нема да се протолкува и имплементира како создавање на законски права или обврски за државите на инволвираните Страни.

Овој Меморандум е потпишан во .............. ..на ............ 2024 година, во два идентични примероци, на македонски, албански, српски и англиски јазик, при што сите текстови се подеднакво веродостојни.

Во случај на разлики во толкувањето на одредбите од овој меморандум, преовладува англискиот текст.

**Артане Ризваноли**

Министер за економија на
Република Косово

**Сања Божиновска**

Министер за енергетика, рударство
и минерални суровини на
Република Северна Македонија